**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ЛОЗАРСТВО

**III ГОДИНА**

***ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА***

***Лозаро-винарски техничар***

**Скопје, 2007 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ЛОЗАРСТВО

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: лозаро-винарски техничар

1.2.2. Струка: земјоделско - ветеринарна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Трета

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 3 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 108 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот ***лозарство*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да го сфаќа значењето на лозарското производство за земјоделското стопанство;
- да ги познава морфолошките и физиолошките особини на виновата лоза;
- да ги разликува фазите на вегетација на виновата лоза;
- да ги опишува климатско-почвените услови за развиток на виновата лоза;
- да ги објаснува агротехничките мерки при одгледување на лозови насади;
- да ја познава законската регулатива и условите за органско производство;
- да ги објаснува начините на берба, складирање, пакување и транспорт на трпезното грозје;
- да развива позитивен однос кон лозарското производство.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на наставните содржини, односно за постигнување на поставените цели по предметот ***винарство*** потребно е ученикот да поседува претходни знаења од наставните предмети: биологија, хемија, педологија, агрохемија на винова лоза и земјоделска техника од втора година, како и од предметот основи на земјоделие со ветеринарство од прва година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ЗНАЧЕЊЕ НА ЛОЗАРСКОТО ПРОИЗВОДСТВО** | **9** | **Ученикот:**<br>- да го сфаќа значењето на лозарството;<br>- да го познава потеклото на виновата лоза;<br>- да компарира застапеност на лозарството во одделни земји во светот и кај нас;<br>- да ја објаснува реонизацијата на лозарството во Р. Македонија;<br>- да ги познава климатските услови за одгледување на виновата лоза;<br>- да го споредува производството на винско и трпезно грозје. | - Воведување во лозарското производство;<br>- демонстрирање на показатели за производство на грозје во светот и кај нас;<br>- објаснување за потеклото на виновата лоза;<br>- презентирање на реонизација и еколошки улови за одгледување на виновата лоза. | - Винарство |
| **2. БИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИ-КИ НА ВИНОВА ЛОЗА** | **15** | - Да ги разликува подземните и надземните органи кај виновата лоза;<br>- да ја објаснува градбата и функцијата на органите на виновата лоза (корен, стебло, | - Демонстрирање на делови од виновата лоза;<br>- микроскопирање на просек од делови од винова лоза;<br>- презентирање начини на | - Винарство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | лист, цвет, плод);<br>- да ги разликува видовите ластари;<br>- да ги опишува органите за размножување на виновата лоза;<br>- да ги разликува начините на размножување на виновата лоза (генеративно и вегетативно). | размножување на виновата лоза (генеративно и вегетативно). | |
| **3. ГОДИШЕН БИОЛОШКИ ЦИКЛУС НА ВИНОВА ЛОЗА** | **15** | - Да ги разликува фазите на вегетација: отварање на папки, пораст на ластари, цветење, опрашување, пораст на зрната и зреење на грозјето;<br>- да ја објаснува подготовката на виновата лоза за зимски одмор и период на мирување. | - Објаснување на фенофазите кај виновата лоза;<br>- давање инструкции за водење на фенолошки дневници за следње на фено фазите кај виновата лоза. | - Подигање и одгледување на лозови насади<br>- Практична настава |
| **4. УСЛОВИ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА ВИНОВА ЛОЗА** | **30** | - Да го сфаќа значењето на климатските фактори за развитокот на виновата лоза;<br>- да го објаснува влијанието на температурата и светлината врз развитокот на виновата лоза;<br>- да го познава влијанието на влажноста и ветровите врз развитокот на виновата лоза;<br>- да го објаснува влијанието на | - Објаснување со најважните климатски фактори за развој на виновата лоза: температуре, светлина, влажност и ветрови;<br>- запознавање со мерни инструменти за мерење на климатски фактори;<br>- организирање на теренска настава и | - Подигање и одгледување на лозови насади<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | географската ширина и надморката височина врз развитокот на виновата лоза ;<br>- да го познава влијанието на релјефот и шумите врз развитокот на виновата лоза;<br>- да го објаснува влијанието на механичкиот состав на почвата врз виновата лоза;<br>- да го познава дејството на физичките особини на почвата, топлотниот, водениот и воздушниот режим на почвата врз виновата лоза;<br>- да го објаснува влијанието на хемискиот состав на почвата во одгледувањето на виновата лоза. | посета на метеоролошка станоца;<br>- запознавање со влијанието на почвените особини и почви врз развојот на виновата лоза;<br>- менторирање на проектни задачи за истражување на условите за одгледување на виновата лоза. | |
| **5. АГРОТЕХНИКА НА ЛОЗОВИТЕ НАСАДИ** | **24** | - Да ја сфаќа важноста наа редовната обработка на почвата;<br>- да ја опишува длабоката есенска обработка на почвата (загрнување и одгрнување на лозите);<br>- да ја разликува пролетната длабока обработка од плитка вегетациона обработка на почвата; | - Презентирање начини за обработка на лозовите насади (длабока и плитка обработка на почвата);<br>- демонстрирање на користење на машините за обработка на лозовите насади;<br>- објаснување за борбата против плевелите; | - Земјоделска техника<br>- Подигање и одгледување на лозови насади<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги познава машините за обработка на почвата;<br>- да ја познава примената на хербицидите против плевелите;<br>- да ги познава мерките за нега на оштетени лози од разни непогоди;<br>- да ги објаснува физеолошките пораметувања кај виновата лоза. | - демонстрирање начини на третирање на плевелите со хербициди;<br>- демонстрирање како се санираат повредите на виновата лоза од различни непогоди.<br>- организирање посета на лозови насади. | |
| **6. ЛОЗАРСКО ОРГАНСКО ПРОИЗВОДСТВО** | **6** | - Да го сфаќа значењето и специфичностите на органското производство;<br>- да ја познава законската регулатива за органско производство;<br>- да ги објаснува условите за лозарско органско производство;<br>- да ги познава агротехничките мерки при лозарското органско производство. | - Запознавање со значењето и спецификите на органското производство;<br>- објаснување на легислативата што го регулира органското производство;<br>- презентирање на агротехнички мерки за лозарско органско производство. | |
| **7. БЕРБА, СКЛАДИРАЊЕ, ПАКУВАЊЕ И ТРАНСПОРТ НА ГРОЗЈЕТО** | **9** | - Да ја утврдува зрелоста на грозјето за берба;<br>- да ја објаснува постапката за рачна и машинска берба на вински и трпезни сорти;<br>- да ги познава условите за | - Демонстрирање начини за берба на винско и трпезно грозје;<br>- објаснување за складирање, пакување и транспорт на трпезно | - Земјоделска техника<br>- Винарство<br>- Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | складирање и чување на трпезното грозје;<br>- да ја разликува амбалажата за пакување на трпезното грозје;<br>- да ја сфаќа важноста од добро оранизиран транспорт на трпезното грозје;<br>- да ја објаснува технологијата на производство на суво грозје. | грозје;<br>- презентирање различна амбалажа за пакување на трпезно грозје;<br>- демонстрирање на производство на суво грозје;<br>- организирање посета на ладилници или складишта за чување на трпезно грозје. | |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Програмските содржини по предметот ***лозарство*** имаат теоретски карактер и практично стручно значење, поради тоа, во наставниот процес е потребна примена на разновидни наставни форми и методи. Така, покрај фронталните предавања, потребна е почеста работа со учениците во групи, парови и индивидуално. Постојат, исто така, можности за примена на разновидни наставни методи, односно постапки: покажување, објаснување, опишување, предавање, дискусија, работа на текст, Интернет пребарување, практична работа.

Во наставниот процес наставникот ја планира, организира и реализира наставата преку дефинирање и конкретизирање на задачите на часот и притоа врши усни излагања, објаснувања, демонстрирања, пишување и цртање на табла, давање инструкции.

Активноста на учениците се состои во: набљудување, прибележување, вежбање, поставување прашања, изведување на практични работи, домашни задачи и сл.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ***лозарство*** се остварува преку предавања кои ќе се реализираат во училници и кабинети. Покрај предавањата треба да се изведуваат вежби, практични операции и работни задачи во лозови насади во училишната економија или во акционерски друштва кои се занимаваат со производство, складирање, преработка, пакување и промет на грозје.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Во наставниот процес се користат разновидни наставни средства и помагала: цртежи, филмови, дијафилмови, слики за графоскоп, компјутер, микроскоп, лабораториска опрема, прибор и земјоделска механизација за лозарско производство.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите ученици преку разновидни форми и постапки: усни проверки, писмени задачи, тестови, проверки на домашни задачи, оценување на практичните способности на учениците при вршењето на вежбите, практичните операции и работните задачи, преку изготвување на проекти и други писмени извештаи, концепти и сл.

Оценувањето е јавно (односно на ученикот му се соопштува оценката со образложение што се́ е вреднувано). Оценувањето на учениците се врши согласно со Правилникот за следење, вреднување и оценување на знаењата на учениците.

Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на програмата, се постапува согласно законската регулатива за средното образование.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по овој наставен предмет треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да гиприменува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да стекнал содоветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставниот предмет ***лозарство*** ќе го реализираат наставници со завршени студии по:

- ***земјоделство*** (лозаро-овоштарска или општа насока).

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

### 6.3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата, содржините по овој предмет се реализираат во училница, кабинет, лабораторија, во училишна економија и просториите во нејзините придружни објекти, како и во лозови насади. Стандардот за простор е предвиден во нормативот за простор и опрема за земјоделско-ветеринарната струка.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2007 година

### 7.2. Состав на работната група

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Петар Христов, професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Бошко Настов, наставник во СОЗШУ „Ѓорче Петров” - Кавадарци
4. Ристо Милев, АД „Гоце Делчев” - Кавадарци

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2007 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***лозарство*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број ***11-4631/10*** од ***21.06.2007*** година.